ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01-413/1
24. 12. 2021 год.

Врз основа на член 28 став 1 алинеа 4 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/21 и 174/21), во врска со член 2 став 1 алинеа 12 од Деловникот за работа на Советот за развој на Источниот плански регион бр.02-206/1 од 29.06.2021 година, по претходно донесена Одлука на Советот за развој на Источен плански регион за давање на позитивно мислење бр.02-410/1 од 24.12.2021 година, а во согласност со Одлуката за внатрешна организација на Центар за развој на Источен плански регион број 02-227/1 од 25.06.2020 година и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за внатрешна организација на Центарот бр.02-409/1 од 24.12.2021 година, Директорот на Центарот за развој на Источен плански регион, на ден 17.12.2021 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за развој на Источен плански регион

**Член 1**

Со овој Правилник се вршат измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за развој на Источен плански регион бр.01-231/1 од 26.06.2020 година.

**Член 2**

Во насловот на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за развој на Источен плански регион, по зборовите „места во“ се додаваат зборовите „стручната служба на“.

**Член 3**

Во член 1 по зборовите „вработени во“ се додаваат зборовите „стручната служба на“, а зборовите „во понатамошниот текст: Центарот“ се заменуваат со зборовите „во натамошниот текст: стручната служба на Центарот“.

**Член 4**

Во член 2 по зборовите „вршат во“ се додаваат зборовите „стручната служба на“.

**Член 5**

Во член 3 по зборовите „вработените во“ се додаваат зборовите „стручната служба на“.

**Член 6**

Во член 4 по зборовите „места во“ се додаваат зборовите „стручната служба на“.

**Член 7**

Во член 5 по зборовите „места во“ се додаваат зборовите „стручната служба на“.

**Член 8**

Во член 8 подточка 1.1.од Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за развој на Источен плански регион, по зборовите „Раководител на одделение“ се додаваат зборовите: “за стратешко планирање и имплементација на проекти, поддршка на бизнис секторот и информатичко комуникациска технологија“, а пред зборот „Назив“ се додаваат зборовите: „Звање: Раководител на одделение“.

Во подточка 1.2. и подточка 1.3. пред зборот „Назив“ се додаваат зборовите: „Звање: Координатор“.

Во подточка 1.4. пред зборот „Назив“ се додаваат зборовите: „Звање: Соработник“.

Во подточка 2.1., по зборовите „Раководител на одделение“ се додаваат зборовите: “за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси“, а пред зборот „Назив“ се додаваат зборовите: „Звање: Раководител на одделение“.

Во подточка 2.2. пред зборот „Назив“ се додаваат зборовите: „Звање: Координатор“.

Во подточка 2.3. пред зборот „Назив“ се додаваат зборовите: „Звање: Соработник“.

Во подточка 2.4. пред зборот „Назив“ се додаваат зборовите: „Звање: Хигиеничар/ка“.

Во подточка 3.1., по зборовите „Раководител на одделение“ се додаваат зборовите: “за јавни набавки“, а пред зборот „Назив“ се додаваат зборовите: „Звање: Раководител на одделение“.

Во подточка 3.2. пред зборот „Назив“ се додаваат зборовите: „Звање: Координатор“.

**Член 9**

Во насловот на Прегледот (Работна карта) на работните места во Центар за развој на Источен плански регион кој е составен дел на Правилникот за систематизација, по зборовите „места во“ се додаваат зборовите „стручната служба на“.

Во Прегледот (Работна карта) на работните места, во Одделението за стратешко планирање и имплементација на проекти, поддршка на бизнис секторот и информатичко комуникациска технологија, по зборовите „Раководител на одделение“ се додаваат зборовите: “за стратешко планирање и имплементација на проекти, поддршка на бизнис секторот и информатичко комуникациска технологија“.

Во Одделението за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси, по зборовите „Раководител на одделение“ се додаваат зборовите: “за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси“.

Во Одделението за јавни набавки, по зборовите „Раководител на одделение“ се додаваат зборовите: “за јавни набавки“.

**Член 10**

Во целиот текст на Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за развој на Источен плански регион бр.01-231/1 од 26.06.2020 година, како и во Прегледот (Работна карта) на работните места во Центар за развој на Источен плански регион кој е составен дел на Правилникот за систематизација, зборовите „Раководител на Центар“ се заменуваат со

зборовите „Директор на Центар“, а зборовите „Раководителот на Центарот“ се заменуваат со зборовите „Директорот на Центарот“.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Број 01-413/1**
**24.12.2021 година**

**Центар за развој на Источен плански регион**
**Директор,**
**Зујица Ангелова**

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН * ШТИП *